12-40/5
25.04.2013

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 51/11, 17/11, 123/12, 15/13 и 24/13), Одборот за акредитација и евалуација на 18. седница одржана на 26.03.2013 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за усогласување и акредитација на студиските програми од втор циклус студии на Филолошкиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје**

1. Се акредитираат усогласените студиски програми со Законот за високото образование од втор циклус едногодишни магистерски студии на Филолошкиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и тоа:

    1. Филолошки науки во областа наука за јазик (албански јазик, турски јазик, англиски јазик, романистика, германски јазик, славистика (русистика) и славистика (полонистика).
    2. Македонски јазик,
    3. Македонска книжевност,
    4. Филолошки науки во областа наука за книжевноста (општа и компаративна книжевност, албанска книжевност, турска книжевност, славистика (полонистика), англиска книжевност, романистика, германска книжевност.
    5. Конференциско толкување – македонски јазик (А),....јазик (Б), ......јазик (В) ( работни јазици: македонски, албански, турски, српски, англиски, француски, германски,италијански, словенечки, руски).
    6. Конференциско толкување – македонски јазик (А),....јазик (Б1), ......јазик (Б2) ( работни јазици: македонски, албански, турски, српски, англиски, француски, германски,италијански, словенечки, руски).
    7. Конференциско толкување – македонски јазик (А),....јазик (В1), ......јазик (В2) ( работни јазици: македонски, албански, турски, српски, англиски, француски, германски,италијански, словенечки, руски).

8. Конференциско толкување – македонски јазик (А),....јазик (Б) ( работни јазици: македонски, албански, турски, српски, англиски, француски, германски,италијански, словенечки, руски).

9. Конференциско толкување – македонски јазик (А1),....јазик (А2) ( работни јазици: македонски, албански, турски, српски, англиски, француски, германски,италијански, словенечки, руски).

10. Конференциско толкување – македонски јазик (А1),....јазик (А2) и ......јазик (Б/В) ( работни јазици: македонски, албански, турски, српски, англиски, француски, германски,италијански, словенечки, руски).

2. Бројот на запишаните студенти да се усогласи со одредбата од член 4 од Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност ( Сл. весник на Република Македонија бр.103/10)

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Образложение

Филолошкиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, по претходно донесената одлука на Наставно научниот совет за давање согласност за измени и дополнувања на студиските програми согласно измените од Законот за високото образование, како и одлуката за усвојување на студиските програми од Универзитетски сенат, достави елаборати до Одборот за акредитација и евалуација на 25.02.2013 година.

Одборот за акредитација и евалуација на својата 17. седница одржана на 26.02.2013 година, формира експертски комисии и врз основа на доставените елаборати и извештаи на експертските комисии на 18. седница одржана на 26.03.2013 година одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование
Проф. д-р Михаил Петковски